Уп. Бр.08-114/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Даимлер Трак Холдинг АГ, со седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, преку полномошник Мартин Иванов, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 23.11.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на контрола од страна на Даимлер Трак Холдинг АГ, со седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, врз целната деловна активност што се состои од:

-пренесување на следните друштва: Мерцедес-Бенц Компанија Финансиера Аргентина С.А., Аргентина, Мерцедес-Бенц Брокер Аргентина С.А., Арегентина, Мерцедес-Бенц Сервисиос С.А.У., Аргентина, Даимлер Трак Фајненшл Сервисис Белџиум Н.В., Белгија, Даимлер Трак Фајненшл Сервисис Италија С.п.А., Италија, Даимлер Трак Фајненшл Сервисис Недерланд Б.В., Холандија, Даимлер Трак Фајненшл Сервисис Еспања Е.Ф.Ц. С.А.У., Шпанија, Мерцедес-Бенц Ритеил С.А., Шпанија, Сандаун Мотор Холдингс (Пти) Лтд., Јужна Африка, Мерцедес-Бенц Камион Фајненсмен А.С., Турција и

- пренесување на средства од следните друштва: Мерцедес-Бенц Фајненшл Сервисис Френс С.А., Франција, Мерцедес-Бенц Рома С.п.А., Италија, Мерцедес-Бенц Сосновиец Сп. З о.о., Полска, Мерцедес-Бенц Варсава Сп. З о.о., Полска, Мерцедес-Бенц Ритеил, Унипесоал Лда., Португалија, Мерцедес-Бенц Словакиа с.р.о., Словачка, Даимлер Трак Рентинг Еспања С.А.У., Шпанија, Мерцедес-Бенц Тајван Лтд., Тајван, Мерцедес-Бенц Фајненшл Сервисис УК Лимитед, Обединето Кралство и Хаус Лаутенбах, Германија,

кои се под крајна контрола на Даимлер АГ, со седиште на Мерцедесштрасе 120, 70372 Штутгарт, Германија, кои се потребни за комплетирање на спин-офф-от (Spin off) на деловната активност за камиони и автобуси на Даимлер АГ, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 25.10.2021 година, а дополнето на 27.10.2021 година и на 01.11.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Даимлер Трак Холдинг АГ (во понатамошниот текст: ДТХАГ), со седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, со која ДТХАГ ќе стекне контрола врз целната деловна активност што се состои од:

-пренесување на следните друштва: Мерцедес-Бенц Компанија Финансиера Аргентина С.А., Аргентина, Мерцедес-Бенц Брокер Аргентина С.А., Арегентина, Мерцедес-Бенц Сервисиос С.А.У., Аргентина, Даимлер Трак Фаіненшл Сервисис Белџиум Н.В., Белгија, Даимлер Трак Фаіненшл Сервисис Италија С.п.А., Италија, Даимлер Трак Фаіненшл Сервисис Недерланд Б.В., Холандија, Даимлер Трак Фаіненшл Сервисис Еспања Е.Ф.Ц. С.А.У., Шпанија, Мерцедес-Бенц Ритеил С.А., Шпанија, Сандаун Мотор Холдингс (Пти) Лтд., Јужна Африка, Мерцедес-Бенц Камион Фаіненсмен А.С., Турција и

- пренесување на средства од следните друштва: Мерцедес-Бенц Фаіненшл Сервисис Френс С.А., Франција[1], Мерцедес-Бенц Рома С.п.А., Италија[2], Мерцедес-Бенц Сосновиец Сп. З о.о., Полска[3], Мерцедес-Бенц Варсава Сп. З о.о., Полска[4], Мерцедес-Бенц Ритеил, Унипесоал Лда., Португалија[5], Мерцедес-Бенц Словакиас.р.о., Словачка[6], Даимлер Трак Рентинг Еспања С.А.У., Шпанија[7] Мерцедес-Бенц Таіван Лтд., Таіван[8], Мерцедес-Бенц Фаіненшл Сервисис УК Лимитед, Обединето Кралство[9] и Хаус Лаутенбах, Германија[10],

кои се под крајна контрола на Даимлер АГ, со седиште на Мерцедесштрасе 120, 70372 Штутгарт, Германија, кои се потребни за комплетирање на спин-офф-от (Spin off) на деловната активност за камиони и автобуси на Даимлер АГ.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето и прилозите кон истото го утврди следното:

## Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**ДТХАГ** е акционерска корпорација регулирана со законите на Германија со седиште во Штутгарт и претставува вистинска холдинг-компанија. ДТХАГ е крајното друштво што стекнува во концентрацијата за која се поднесува известување, кое индиректно ги стекнува Деловните активности што се пренесуваат од Даимлер АГ (ДАГ). По Спин-офот, ДТХАГ целосно ќе ја поседува и контролира оперативната деловна активност што ја сочинува групацијата Даимлер Трак АГ ( ДТАГ).

ДТАГ е акционерска корпорација регулирана со законите на Германија со седиште во Штутгарт, Германија. ДТАГ е активна во деловната активност за камиони и автобуси и е фокусирана на производство и продажба на камиони и автобуси. Асортиманот на производи за камиони на ДТАГ вклучува лесни, средни и тешки

---

1 XXX (податоците претставуваат деловна тајна)

2 XXX

3 XXX

4 XXX

5 XXX

6 XXX

7 XXX

8 XXX.

9 XXX

10 XXX

товарни возила за долги релации, дистрибуција и транспорт на градилишта, како и специјални возила кои се користат главно за општински намени.

Ниту ДТХАГ ниту ДТАГ немаат претпријатија-ќерки или средства во Северна Македонија.

**Деловната активност што се пренесува** се состои од субјекти и средства од приближно 20 друштва кои се претежно активни во обезбедувањето финансиски услуги (т.е. услуги за лизинги финансиски услуги) за камиони и автобуси и услуги за малопродажба и постпродажни услуги за камиони и автобуси.

Деловната активност што се пренесува не вклучува друштва или средства во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**